2021

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.10 - 31.12.2021 Г

IV Квартал

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ... 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 01. 10 - 31.12. 2021 година ... 3

ПРИХОДИ ... 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2021 ГОДИНА ... 5

ТРОШОЦИ ... 6

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ВО ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2021 ГОДИНА ... 7
Трошоци за вработените ... 7
Патни и транспортни трошоци ... 7
Заеднички трошоци ... 8
Програмски права ... 9
Останати трошоци од работење ... 10
Инвестиции ... 10

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2021 ГОДИНА ... 11

Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2021г. ... 15

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО ... 15

Побарувања од купувачите во земјата ... 16
Побарувања од купувачите во странство ... 17

РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА ... 17

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА ... 18

# ВОВЕД

Македонската Радио Телевизија како јавен радиодифузен сервис, преку своите радио и ТВ канали, подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик како и на јазикот на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во четвртото тримесечје од 2021 година, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од  239.405.777 денари и расходи во износ од 233.834.821 денар при што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 5.570.956 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 10 до 12 м. 2021 година**

| ОПИС | Остварување 01.10-31.12.2020г. | | Финансиски план 2021г. | | Остварување 01.10-31.12.2021г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **287,346,384** | **100.0** | **1,022,500,000** | **100.0** | **239,405,777** | **100.0** | **83.3** | **23.4** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **305,260,644** | **106.2** | **1,017,200,000** | **99.5** | **233,834,821** | **97.7** | **76.6** | **23.0** |
| Трошоци за вработени | 130,001,999 | 45.2 | 481,910,000 | 47.1 | 122,435,235 | 51.1 | 94.2 | 25.4 |
| Патни и транспортни трошоци | 689,465 | 0.2 | 7,420,000 | 0.7 | 1,704,276 | 0.7 | 247.2 | 23.0 |
| Заеднички трошоци | 83,097,509 | 28.9 | 171,280,000 | 16.8 | 42,731,393 | 17.8 | 51.4 | 24.9 |
| Програмски права | 77,740,002 | 27.1 | 288,150,000 | 28.2 | 43,460,137 | 18.2 | 55.9 | 15.1 |
| Останати трошоци од работење | 13,731,669 | 4.8 | 68,440,000 | 6.7 | 23,503,780 | 9.8 | 171.2 | 34.3 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-17,914,260** | | | | **5,570,956** | | | |

# ПРИХОДИ

Во периодот октомври - декември 2021 година по сите основи реализирани се приходи во вкупен износ од 239.405.777 денари.

Основен извор на финансирање на работењето на МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Во анализираниот период овој приход е остварен во износ од 167.625.000 денари или 70,0% од вкупно реализираниот приход во 2021 година. Остварувањето на приходот по овој основ како во анализираниот квартален париод, така и во цела 2021 година е намален и освен што не кореспондира со процентите утврдени во Законот за ААВМУ, намален е и во однос на износот кој МРТ и останатите две институции го добиваа во изминатите две години како приход по основ на финансирање на радиодифузна дејност, сето тоа како резултат на мерките кои беа преземени од страна на државата во насока на намалување на вкупните трошоци на државно ниво а како последица на состојбата предизвикана од корона вирусот Covid-19. Но овој тренд на континуирано намалување на приходот за вршење на основната дејност континуирано предизвикува потешкотии во работењето на МРТ и ризик во одржувањето на нејзината ликвидност.

Останатаите видови приходи кои се остварени во четвртиот квартал се следните:

Приходи од услуги во странство (користење на коментаторски позиции, ISDN линии и слично) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и сл.), кои во четвртиот квартал од 2021 година се остварени во вкупен износ од 1.372.559 денари или 27,45% во однос на планираниот износ за овие намени односно 0,6% од вкупниот приход остварен во анализираниот период.

Приход остварен по основ на закуп на деловен простор во износ од 67.572 денари, приход по основ на судски одлуки донесени во корист на МРТ во износ од 21.843 денари како и приходи по основ на од донации и продажба на програма остварувањето изнесува 273.157 денари.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 66.154.147 денари а истата опфаќа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнитено утврдени приходи од минати години, отпишани обврски, наплатени отпишани побарувања по основ на РДТ, приходи од субвенции по договор и друго, но во овој анализиран период најголем обем од остварените приходи се однесуваат на данок на добивка и данок на додадена вредност кои од репрограмиран долг пренесени се во вонбилансна евиденција. Во вкупно остварените приходи во четвртото тримесечје од 2021 година овие приходи учествуваат со 27,6%.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) е остварен во износ од 3.891.499 денари или 1,6% во однос на вкупниот остварен приход во анализираниот период. Во врска со овој приход значајно е да се напомене дека во однос на истиот период од 2020 година кога поради состојбата предизвикана со корона вирусот беа откажани голем број настани особено од

областа на спортот и кога имаше намалена продажба на рекламно време, во 2021 година состојбата беше на релативно подобро ниво, односно беа намалени рестриктивните мерки и беше одобрено одржувањето на значајни спортски настани. Оттука, а со оглед и на фактот што ЈРП МРТ како јавен сервис, секогаш настојува на своите гледачи да им ги направи достапни најновите и актуелни програмски содржини од најразлични области, при тоа со акцент на откуп и емитување на најзначајните спортски настани, овој напор придонесе и за остварување на повисок износ на реализација на приход по основ на маркетинг/продажба на рекламно време како во однос на истиот квартален период од 2020 година така и во однос на целата 2020 година.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2021 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.10-31.12.2020 г. | Планирани приходи за 2021 г. | Остварени приходи 01.10-31.12.2021 г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на радиодифузна дејност | 186,250,000 | 894,000,000 | 167,625,000 | 90.0 | 18.8 | 70.0 |
| Закупнини | 100,512 | 500,000 | 67,572 | 67.2 | 13.5 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 689,752 | 3,000,000 | 651,955 | 94.5 | 21.7 | 0.3 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 79,242 | 2,000,000 | 720,604 | 909.4 | 36.0 | 0.3 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години и сл.) | 5,802,950 | 18,500,000 | 66,154,147 | 1,140.0 | 357.6 | 27.6 |
| Приходи од наплата на средства по основ на судски одлуки | 128,705 | 1,500,000 | 21,843 | 17.0 | 1.5 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 3,545,278 | 100,000,000 | 3,891,499 | 109.8 | 3.9 | 1.6 |
| Приходи од донации, продажба на програма и други услуги | 749,945 | 3,000,000 | 273,157 | 36.4 | 9.1 | 0.1 |
| Приход од МИОА за програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 90,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **287,346,384** | **1,022,500,000** | **239,405,777** | **83.3** | **23.4** | **100.0** |

## ТРОШОЦИ-РАСХОДИ

Во текот на периодот октомври - декември 2021 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 233.834.821 денар. Сите групи на трошоци се остварени во рамки на планираните износи и нема некои позначајни отстапки во однос на планот но потребно е да се нагласи дека состојбата предизвикана од корона вирусот Covid-19 имаше свое влијание и врз работата на Македонската радио телевизија. Имено, со прогласување на пандемијата уште во 2020 година, како во светот така и кај нас се појави застој или откажување на одржувањето на веќе планираните тековни или пак нови настани и беше изменета динамиката на нивната реализација а тоа секако доведе до пониска реализација на одредени ставки во планираните расходи и во анализираната 2021 година.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ВО ЈРП МРТ ПО ГРУПИ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2021 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2020 г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за вработените | 130,001,999 | 481,910,000 | 122,435,235 | 94.2 | 25.4 |
| Патни и транспортни трошоци | 689,465 | 7,420,000 | 1,704,276 | 247.2 | 23.0 |
| Заеднички трошоци | 83,097,509 | 171,280,000 | 42,731,393 | 51.4 | 24.9 |
| Програмски права | 77,740,002 | 288,150,000 | 43,460,137 | 55.9 | 15.1 |
| Останати трошоци од работење | 13,731,669 | 68,440,000 | 23,503,780 | 171.2 | 34.3 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **305,260,644** | **1,017,200,000** | **233,834,821** | **76.6** | **23.0** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 539,136 | 5,300,000 | 1,734,197 | 321.7 | 32.7 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **539,136** | **5,300,000** | **1,734,197** | **321.7** | **32.7** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **305,799,780** | **1,022,500,000** | **235,569,018** | **77.0** | **23.0** |

## Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработените во четвртото тримесечје од 2021 година бележи остварување во вкупен износ од 122.435.235 денари или 25,4% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 111.969.278 денари а кои се пресметуваат согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ и согласно Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените во МРТ кои произлегуваат од работниот однос, трошоците за регрес за годишен одмор во износ од 8.834.364 денари, трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право на пензија и кои изнесуваат 575.756 денари, трошоците за јубилејни награди на вработените кои во МРТ оствариле работен стаж од 10, 20, 30 и 40 години во износ од 563.277 денари кои исто така се во согласност на Колективниот договор, како и трошоците за останати - други лични примања на вработените во износ од 485.480 денари, ставка која опфаќа надоместоци за вработените исплатени по разни основи како на пример дадена парична помош во случај на смрт на вработен во МРТ или на член на потесно семејство, парична помош при непрекинато боледување подолго од шест месеци, елементарна непогода и слично. Просечната плата по работник за периодот 10 -12 месец 2021 година изнесува 35.827 денари.

## Патни и транспортни трошоци

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 1.704.276 денари и истата е реализирана со 23,0% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2021 година за оваа намена.

Во однос на минатата 2020 година кога поради состојбата со корона вирусот трошоците за патување на екипите за реализирање на програмски цели беа сведени на минимум, со намалување на мерките за справување со ковид кризата, во анализираната 2021 година беше зголемен обемот на патувања во земјата и странство па оттаму има зголемување и на остварените трошоци по овој основ. Така, реализацијата кај патните трошоци во земјата изнесува 510.129 денари и истата, покрај известување за тековните дневни настани, се однесува и на присуството на екипите на МРТ при пренос и известување од разни настани од областа на спортот (фудбал, одбојка, ракомет, кошарка и слично), снимања потребни за разни емисии, преноси од прослави и одбележување на настани и слично. Додека пак, од патувањата на екипите на МРТ надвор од земјата со цел реализација на планираните и тековните активности во врска со снимање на емисии од разни жанрови и области или присуства на настани надвор од границите на државата би ги издвоиле патувањата во: Љубљана – студиска посета на новинари, Загреб и Љубљана – средба со претставници на сателитски провајдери за емитување на сигналот на МРТ, Њивице – присуство на форум на уредници, Рим и Болоња – следење на саем на ЕИМА, Виена – посета на саем на Sony Media производи, Белград – присуство на состанок за соработка по повод 20 години ЕРНО, Истанбул-

посета на ТРТ и средба за реемитување на сателитски канали, Белград – присуство на годишен форум на медиуми и снимање на документарен филм, Софија – известување од трагичната сообраќајна незгода на автобусот на Беса Транс, Љубљана и Загреб- снимање на документарен филм, Подгорица – учество на конференција во врска со функциите на органите на управување во јавните сервиси, Париз – учество на Евросонг за деца 2021 година и друго.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ.

**Заеднички трошоци**

Во четвртиот квартал од 2021 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 42.731.393 денари а ги опфаќа следните видови трошоци:

- трошоците за суровини и материјали како електричен, технички материјал, материјал за кулиси и декор, за поправка и одржување со вкупно остварување од 1.084.240 денари,
- трошоците за останати материјали како канцелариски материјал, материјали за возен парк, заштитна облека и обувки со вкупна реализација од 197.871 денар,
- трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен остварен износ од 6.872.865 денари,
- ситен инвентар и автогуми во износ од 1.741.435 денари,
- трошоците за поштенски услуги, телефонски услуги (фиксна и мобилна телефонија) и интернет во вкупен износ од 830.793 денари и трошоците за реализација на радио и ТВ преноси - аудио и видео линии во износ од 2.471.204 денари,
- остварување во рамки на планираните средства бележат и трошоците за одржување и заштита во кои се вбројуваат трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти во вкупен износ од 3.050.876 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.068.318 денари, трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 700.920 денари, како и трошоците за одржување на возилата на МРТ во износ од 144.433 денари и трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 250.174 денари,
- групата на комунални услуги – трошоци за вода, ѓубретарина, дератизација и слично е остварена во вкупен износ од 973.750 денари, исто така во рамки на планираниот износ,
- за останати услуги од работењето, односно за објава на огласи и конкурси, за шпедитерски услуги, за регистрација на моторни возила и слично реализирани се трошоци во вкупен износ од 761.775 денари. Значајно е да се напомене дека реализацијата во рамки на оваа група на трошоци во најголем обем произлегува од ставката трошоци за објава на огласи и конкурси која е зглоемена поради поголемиот обем на објавени огласи за нови вработувања за чие спроведување неколку години наназад се чекаше согласност од страна на државните институции и кое конечно се реализираше кон крајот на 2021 година односно во четвртиот квартал од годината.

- за опремата која се користи во МРТ пресметани се трошоци за амортизација на основни средства и истите изнесуваат 15.310.452 денари,
- вредносно усогласување на побарувањата по разни основи во земјата и странство, и обезвреднување на нетековни и тековни средства е сметководствена категорија која се искажува на крајот на годината и која за 2021 година изнесува 1.141.236 денари а реализацијата произлегува од траен отпис на ненаплатени побарувања од купувачи од земјата и странство, обезвреднување на побарувања од поврзани субјекти во земјата и слично,
- трошоците за промоција и репрезентација се реализирани во износ од 185.777 денари,
- трошоците за осигурување на движен и недвижен имот во износ од 244.516 денари,
- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 104.307 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство,
- за надомест за членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се трошоци во износ од 1.783.082 денари и истите се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ,
- трошоците за даноци (данок на недвижности, данок на приход за исплати во странство, задржан данок) бележат остварување во износ од 679.363 денари кое се однесува на платен данок на странски правни лица за откуп на права за емитување на значајни спортски настани кои во 2021 година беа емитувани во зголемен обем, бидејќи дел од нив поради корона вирусот од 2020 беа префрлени во 2021 година, како и на откуп на филмови и серии како и останати видови соработка,
- дополнително утврдените расходи од минати години остварени со износ од 418.953 денари опфаќаат расходи по основ на фактури доставени од комитентите во анализираниот период а се однесуваат на договори склучени во минати години,
- камати од работење е ставка која во четвртиот квартал од 2021 година бележи реализација во вкупен износ од 1.434.518 денари и истата произлегува од пресметани камати по основ на склучени спогодби за плаќање на долговите на рати и камати по основ на јавни давачки.

**Програмски права**

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма во периодот октомври-декември е остварена во вкупен износ од 43.460.137 денари што претставува 15,1%% реализација на планот за 2021 година за оваа намена.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани реализацијата на трошоци во анализираниот период изнесува 24.296.014 денари и истата се однесува на пристигнати фактури по основ на откуп на права за пренос и емитување на Европско првенство во одбојка – мажи, UEFA Лига на шампиони во фудбал, партиципации за спортски права и друго.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 14.091.956 денари и таа во овој период опфаќа трошоци за размена на вести односно координација на радио вести и радио спорт од странство, лиценцирани вести од интернет, трошоци за откуп на права за емитување на

документарни емисии, информативни емисии, емисии од едукативен и забавен карактер и слично како и најразновидни ТВ проекти како ТВ проект Заеднички поглед кон Европа, ТВ проект Агенда 35, ТВ проект со наслов Знаете ли, ТВ шоу Џентлмен магазин, забавна ТВ програма 20 Секунди, ТВ емисии со наслов 7 минути здравје, ТВ проект Приказна, домашен серијал Студио 3, Документарен серијал за Гонџа Бојаџиу, ТВ проект Технолошки центар и други.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 3.803.284 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на серијали од најразновидни жанрови како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии и слично, какви што се на пример ТВ серијалот Дајте музика, ТВ проект за деца – Бумеранг, емисијата со наслов Арт Црафтс, образовен серијал за деца Авантурите на пиратите, потоа ТВ серијалот Народни приказни на албански јазик, ТВ проектот Европски приказни, новогодишна музичко играна програма Преспав и други.

Трошоците во износ од 905.000 денари се однесуваат на откуп на права за емитување на детски документарниот филм Светлинска резонанца, додека пак трошоците во износ од 363.883 денари се однесува на откуп на лиценца за учество и емитување на Еросонг за деца 2021 година.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци бележи вкупна реализација по пристигнати фактури во износ од 13.756.837 денари. Истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 3.913.890 денари кои се неодложно потребни за да се надополни недостигот од кадар во речиси сите сектори и одделенија во куќата, трошоците во износ од 100.240 денари наменети за опремување на сцената при реализација на студиски емисии, трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 35.624 денари, понатаму трошоците во износ од 3.039.301 денар за технички услуги, кои како планиран износ многу е тешко со точност да се предвидат бидејќи во голем број од случаите се пресметуваат за секој настан поединечно и најчесто по неговото завршување, но при емитување на спортските настани овие трошоци се неопходни и мора да се реализираат. Оваа група ги опфаќа и трошоците за добивање услуги за пренос на програма на МРТ САТ 1 и 2 преку сателит во износ од 1.163.214 денари, како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ во износ од 3.197.776 денари и трошоците за мало авторско право ЗАМП во износ од 10.559.061 денар.

## Инвестиции

Во делот на инвестициони активности, во анализираниот период набавена е видео опрема за програмски потреби и уред за реактивна енергија во вкупен фактуриран износ од 1.734.197 денари.

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2021 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2020 г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработени | 117,381,360 | 468,000,000 | 111,969,278 | 95.4 | 23.9 |
| Регрес за годишен одмор | 9,191,728 | 9,400,000 | 8,834,364 | 96.1 | 94.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 1,318,202 | 1,900,000 | 575,756 | 43.7 | 30.3 |
| Други лични примања -останати видови надоместоци и помош на вработени | 294,202 | 950,000 | 485,480 | 165.0 | 51.1 |
| Награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 1,670,647 | 750,000 | 563,277 | 33.7 | 75.1 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 610,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 145,860 | 300,000 | 7,080 | 4.9 | 2.4 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **130,001,999** | **481,910,000** | **122,435,235** | **94.2** | **25.4** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 309,415 | 1,850,000 | 510,129 | 164.9 | 27.6 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 143,764 | 3,000,000 | 753,559 | 524.2 | 25.1 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 10,118 | 1,400,000 | 13,404 | 132.5 | 1.0 |
| Сопствено возило за службени потреби | 100,853 | 270,000 | 203,234 | 201.5 | 75.3 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 45,020 | 200,000 | 55,080 | 122.3 | 27.5 |
| **Вкупно 2** | **609,170** | **6,820,000** | **1,535,406** | **252.0** | **22.5** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 80,295 | 350,000 | 168,870 | 210.3 | 48.2 |
| Услуги за превоз на вработени | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **80,295** | **600,000** | **168,870** | **210.3** | **28.1** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **689,465** | **7,420,000** | **1,704,276** | **247.2** | **23.0** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 181,554 | 1,200,000 | 331,307 | 182.5 | 27.6 |
| Технички материјал | 971,157 | 1,000,000 | 555,616 | 57.2 | 55.6 |
| Материјал за поправка и одржување | 313,547 | 800,000 | 197,317 | 62.9 | 24.7 |
| **Вкупно 4** | **1,466,258** | **3,000,000** | **1,084,240** | **73.9** | **36.1** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 361,587 | 1,450,000 | 194,554 | 53.8 | 13.4 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 118,809 | 300,000 | 3,317 | 2.8 | 1.1 |
| **Вкупно 5** | **480,396** | **1,750,000** | **197,871** | **41.2** | **11.3** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2020 г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 3,600,419 | 20,000,000 | 2,471,949 | 68.7 | 12.4 |
| Трошоци за топлотна енергија | 3,247,808 | 11,500,000 | 3,664,972 | 112.8 | 31.9 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 716,550 | 3,000,000 | 735,944 | 102.7 | 24.5 |
| **Вкупно 6** | **7,564,777** | **34,500,000** | **6,872,865** | **90.9** | **19.9** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 785,596 | 2,600,000 | 1,741,435 | 221.7 | 67.0 |
| **Вкупно 7** | **785,596** | **2,600,000** | **1,741,435** | **221.7** | **67.0** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 129,908 | 600,000 | 92,130 | 70.9 | 15.4 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 604,540 | 2,200,000 | 508,701 | 84.1 | 23.1 |
| Трошоци за интернет | 171,945 | 800,000 | 200,648 | 116.7 | 25.1 |
| Поштарина | 45,750 | 150,000 | 29,314 | 64.1 | 19.5 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 2,643,780 | 10,000,000 | 2,471,204 | 93.5 | 24.7 |
| **Вкупно 8** | **3,595,923** | **13,750,000** | **3,301,997** | **91.8** | **24.0** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,616,366 | 4,500,000 | 1,068,318 | 66.1 | 23.7 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 415,996 | 5,000,000 | 2,413,011 | 580.1 | 48.3 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 3,751,321 | 4,000,000 | 637,865 | 17.0 | 15.9 |
| Одржување на возила | 261,368 | 2,500,000 | 144,433 | 55.3 | 5.8 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 29,356 | 150,000 | 6,514 | 22.2 | 4.3 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 250,174 | 1,000,000 | 250,174 | 100.0 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 1,194,160 | 3,700,000 | 700,920 | 58.7 | 18.9 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработенита од корона вирус | 378,024 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 9** | **7,896,765** | **21,850,000** | **5,221,235** | **66.1** | **23.9** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 670 | 40,000 | 1,100 | 164.2 | 2.8 |
| Дератизација, дезинсекција и дезинфекција | 77,500 | 300,000 | 116,550 | 150.4 | 38.9 |
| Трошоци за ѓубретарина | 276,452 | 950,000 | 205,239 | 74.2 | 21.6 |
| Трошоци за вода | 936,786 | 3,300,000 | 650,861 | 69.5 | 19.7 |
| **Вкупно 10** | **1,291,408** | **4,590,000** | **973,750** | **75.4** | **21.2** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 27,134 | 400,000 | 752,226 | 2,772.3 | 188.1 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и друго | 3,477 | 250,000 | 9,549 | 274.6 | 3.8 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 5,160 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **35,771** | **1,200,000** | **761,775** | **2,129.6** | 63.5 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2020 г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирани средства по судски предмети и слично*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 16,217,926 | 63,000,000 | 15,310,452 | 94.4 | 24.3 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 30,858,522 | 400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 12** | **47,076,448** | **63,400,000** | **15,310,452** | **32.5** | **24.1** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 6,048,934 | 1,000,000 | 1,141,236 | 18.9 | 114.1 |
| **Вкупно 13** | **6,048,934** | **1,000,000** | **1,141,236** | **18.9** | **114.1** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 49,792 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 101,596 | 500,000 | 185,777 | 182.9 | 37.2 |
| **Вкупно 14** | **151,388** | **500,000** | **185,777** | **122.7** | 37.2 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 29,357 | 1,700,000 | 244,516 | 832.9 | 14.4 |
| **Вкупно 15** | **29,357** | **1,700,000** | **244,516** | **832.9** | 14.4 |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 85,770 | 600,000 | 104,307 | 121.6 | 17.4 |
| **Вкупно 16** | **85,770** | **610,000** | **104,307** | **121.6** | **17.1** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **0** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и Надзорен одбор и Програмски совет*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 2,071,597 | 9,000,000 | 1,783,082 | 86.1 | 19.8 |
| **Вкупно 18** | **2,071,597** | **9,000,000** | **1,783,082** | **86.1** | **19.8** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 1,109,020 | 3,650,000 | 679,363 | 61.3 | 18.6 |
| Судски трошоци и административни такси | 16,199 | 400,000 | 25,646 | 158.3 | 6.4 |
| **Вкупно 19** | **1,125,219** | **4,050,000** | **705,009** | **62.7** | **17.4** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 0 | 400,000 | 12,339 | 0.0 | 3.1 |
| **Вкупно 20** | **0** | **400,000** | **12,339** | **0.0** | **3.1** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 1,139,875 | 1,400,000 | 418,953 | 36.8 | 29.9 |
| **Вкупно 21** | **1,139,875** | **1,400,000** | **418,953** | **36.8** | **29.9** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2020 г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,382,153 | 4,000,000 | 1,434,518 | 103.8 | 35.9 |
| **Вкупно 22** | **1,382,153** | **4,000,000** | **1,434,518** | **103.8** | **35.9** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 869,874 | 1,000,000 | 1,076,437 | 123.7 | 107.6 |
| **Вкупно 23** | **869,874** | **1,000,000** | **1,076,437** | **123.7** | **107.6** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | **0** | 880,000 | 159,599 | 0.0 | 18.1 |
| **Вкупно 24** | **0** | **880,000** | **159,599** | **0.0** | **18.1** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **83,097,509** | **171,280,000** | **42,731,393** | **51.4** | **24.9** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 7,711,827 | 15,000,000 | 905,000 | 11.7 | 6.0 |
| Останати програмски права | 38,503,410 | 52,000,000 | 14,091,956 | 36.6 | 27.1 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 92,542 | 500,000 | 363,883 | 393.2 | 72.8 |
| Права за спортски настани | 9,588,404 | 95,300,000 | 24,296,014 | 253.4 | 25.5 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 13,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 21,843,819 | 110,000,000 | 3,803,284 | 17.4 | 3.5 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **77,740,002** | **288,150,000** | **43,460,137** | **55.9** | **15.1** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 60,060 | 500,000 | 45,045 | 75.0 | 9.0 |
| **Вкупно 26** | **60,060** | **500,000** | **45,045** | **75.0** | **9.0** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 134,790 | 600,000 | 35,624 | 26.4 | 5.9 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 9,440 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 311,114 | 5,000,000 | 3,039,301 | 976.9 | 60.8 |
| Трошоци за опремување сцена | 964,611 | 1,500,000 | 100,240 | 10.4 | 6.7 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 848,143 | 1,700,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 5,821,972 | 22,000,000 | 3,913,890 | 67.2 | 17.8 |
| Трошоци за проект Евровизија | 0 | 3,750,000 | 1,449,629 | 0.0 | 38.7 |
| Трошоци за судски извршители | 18,293 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за наем на сателитски сегмент | 0 | 3,130,000 | 1,163,214 | 0.0 | 37.2 |
| **Вкупно 27** | **8,108,363** | **39,030,000** | **9,701,898** | **119.7** | **24.9** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 2,349,113 | 10,000,000 | 3,197,776 | 136.1 | 32.0 |
| Котизации и акредитации | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2020 г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 2,901,097 | 14,500,000 | 10,559,061 | 364.0 | 72.8 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 4,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **5,250,210** | **28,700,000** | **13,756,837** | **262.0** | **47.9** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 313,036 | 210,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 29** | **313,036** | **210,000** | **0** | **0.0** | 0.0 |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **13,731,669** | **68,440,000** | **23,503,780** | **171.2** | **34.3** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **305,260,644** | **1,017,200,000** | **233,834,821** | **76.6** | **23.0** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 539,136 | 5,300,000 | 1,734,197 | 321.7 | 32.7 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **539,136** | **5,300,000** | **1,734,197** | 321.7 | 32.7 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **305,799,780** | **1,022,500,000** | **235,569,018** | **77.0** | **23.0** |

## Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2021г.

Состојбата на денарските сметки на ЈП МРТ на 31.12.2021 година изнесува:

- Комерцијална банка 1,463,922.00 ден.
- Халк банка 1,027,986.00 ден.
- Стопанска банка 66,428.00 ден.
- Тутунска банка 3,368.00 ден.
- Шпаркасе банка 57,025.00 ден.
- Алфа банка ( СИЛК Роад) 5,796.00 ден.
- Прокредит банка 3,430,604.00 ден.

*Вкупно на сметки :* **6,055,129 ден.**

## Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2021 година изнесува:

- Стопанска банка 135 УСД
- Комерцијална банка 71 ЕУР
  2.388 АУД
  109 ДКК
- Прокредит банка 2.757 ЕУР

## СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2021 ГОДИНА

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| Побарувања од купувачите во земјата | 2,091,011,246 | 2,078,330,531 | 99.4 |
| Побарувања од купувачите во странство | 40,245,762 | 41,083,080 | 102.1 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,120,795,925 | -2,106,382,784 | 99.3 |
| **Вкупно:** | **10,461,083** | **13,030,827** | **124.6** |

Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,042,627,644 | 2,037,439,870 | 99.7 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 48,383,602 | 40,890,661 | 84.5 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,082,090,327 | -2,066,738,952 | 99.3 |
| **Вкупно:** | **8,920,919** | **11,591,579** | **129.9** |

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во земјата со состојба на 31.12.2021 година изнесуваат вкупно 11.591.579 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,033,405,711 | 2,025,159,414 | 99.6 |
| - радио и телевизиски реклами | 6,189,493 | 8,082,137 | 130.6 |
| - радио и телевизиски услуги | 0 | 113,627 | 0.0 |
| - закуп на основни средства | 118,182 | 103,720 | 87.8 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,закуп и сл.) | 2,507,304 | 3,574,018 | 142.5 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 48,383,602 | 40,890,661 | 84.5 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,082,090,327 | -2,066,738,952 | 99.3 |
| **Вкупно:** | **8,920,919** | **11,591,579** | **129.9** |

### Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2021 година изнесуваат вкупно 1.439.248 денари и истите се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 35,081,464 | 36,011,931 | 102.7 |
| - ТВ услуги | 541,822 | 541,233 | 99.9 |
| - технички услуги | 2,819,706 | 2,816,646 | 99.9 |
| - побарувања од закупнини | 16,841 | 16,822 | 99.9 |
| - отстапени права | 1,387,989 | 1,093,692 | 78.8 |
| - фестивали во странство | 124,843 | 316,951 | 253.9 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 273,097 | 285,805 | 104.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -38,705,598 | -39,643,832 | 102.4 |
| **Вкупно:** | **1,540,164** | **1,439,248** | **93.4** |

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2020 год. | состојба на 31.12.2021 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **524,694,272** | **384,053,871** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 59,837,774 | 104,195,178 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 12,120,233 | 21,561,202 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 78,723 | 0 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД.ПД) даноци и придонеси на плата,камати по истите | 141,817,920 | 37,459,332 |
| Обврски спрема вработените | 37,025,731 | 26,612,577 |
| Обврски за авторски договори | 1,132,789 | 9,627 |
| Краткорочни обврски МФ (доспена камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 157,860,262 | 151,352,374 |
| Останати краткорочни обврски | 1,096,399 | 673,711 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 12,920,280 | 13,996,970 |
| Резервирања по основ на судски спорови (камата и главен долг, ММИ, УЈП) | 100,804,161 | 28,192,900 |
| **Долгорочни обврски** | **173,019,640** | **192,177,436** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 11,516,235 | 8,375,445 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | | 35,218,866 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 161,503,405 | 148,583,125 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **697,713,912** | **576,231,307** |

Вкупните обврски на 31.12.2021 година изнесуваат 576.231.307 денари и во услови на намален приход од средствата за финансирање на радиодифузна дејност, истите, како резултат на максималните напори кои се преземаат за нивно навремено сервисирање, намалени се за 121.482.605 денари во однос на состојбата на 31.12.2020 година.

## СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2021 год. изнесува вкупно 704 лица, што е помалку за 14 лица или 2,0% во однос на состојбата на 30.09.2021 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | Д-р | М-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2021 | 1 | 27 | 302 | 22 | 313 | 0 | 20 | 5 | 690 | |
| 31.12.2021 | 1 | 38 | 323 | 11 | 307 | 0 | 21 | 3 | 704 | 14 |
| структура 31.12.2021г.(%) | 0.1 | 5.4 | 45.9 | 1.6 | 43.6 | 0.0 | 3.0 | 0.4 | 100.0 | 2.0 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | вкупно | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2021 | 486 | 140 | 24 | 21 | 7 | 4 | 3 | 2 | 3 | 690 | |
| 31.12.2021 | 489 | 148 | 26 | 21 | 6 | 5 | 4 | 2 | 3 | 704 | 14 |
| структура 31.12.2021г. (%) | 69.5 | 21.0 | 3.7 | 3.0 | 0.9 | 0.7 | 0.6 | 0.3 | 0.4 | 100.0 | 2.0 |

Во текот на четвртото тримесечје односно во периодот Октомври-Декември 2021 година во ЈРП МРТ нововработени се 23 лица и тоа: 7 новинари, 5 сниматели камермани, 1 спикер, 1 снимател на тон, 1 оператор на програма, 1 оператор на линкови, 5 техничари и 2 пожарникари.

Во истиот период, по основ на стекнување на правото за пензионирање заминати се 10 лица од кои со ВВС - 2 уредници на редакција, 1 раководител на одделение, 1 стручен соработник и 1 новинар, а со ССС - 1 пожарникар, 1 референт, 1 дизајнер на светло, 1 техичар во ТВ Техника и 1 техничар во РА Продукција. Две лица, новинари со ВСС, ја напуштиле МРТ со спогодбено раскинување на договорот за вработување. Две лица, 1 ИТ Инженер со ВСС и 1 монтажер со ССС, користат неплатено отсуство од работа во траење 3 месеци. Едно 1 лице, техичар во РА Продукција, кое користело неплатено отсуство во третиот квартал од 2021 година, поради недоаѓање на работа повеќе од три дена, заминат е од МРТ со отказ на Договорот за вработување без отказен рок.

Скопје, Март 2022 година

Одобрил

Директор на ЗФ и администрација
Горан Атанасов

Директор на ЈРП МРТ

Марјан Цветковски

Одделение за сметководство
Изработил: С.Николовска
В.Груевска
Одделение за планирање и реализација на буџети
Изработил:: В. Димеска